Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневните настани 09.07.2023

На 08.07.2023 околу 22.20 часот на автопатот А1 Демир Капија-Неготино, во близина на бензинска пумпа, полициски службеници од Полициска станица Михајлово го лишиле од слобода Д.С.(30) од Неготино. Тој е затекнат како со патничко возило „цитроен ксара", со кумановски регистарски ознаки, превезувал седум лица мигранти, од кои шест од Сирија и едно од Египет. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од Полициска станица Неготино и Регионалниот центар за гранични работи Југ. Д.С. е приведен и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок, додека илегалните мигранти се предадени на полициски службеници во Полициска станица Неготино по што ќе бидат пренесени во прифатно-транзитен центар.

Изминатата вечер и ноќва (08/09.07.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот, во рамки на оперативниот план „Безбедно лето", полициски службеници од СВР Скопје во содејство со инспектори од Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд, спроведоа акциски контроли во угостителски објекти на подрачјето на Скопје. Во рамки на контролата, во еден угостителски објект на подрачјето на Аеродром биле констатирани неправилности од страна на УЈП согласно Законот за регистрирање на готовинско плаќање, додека трудовата инспекција утврди непријавени работници во објектот. За констатираните неправилности ќе бидат изречени санкции. Во друг угостителски објект на подрачјето на Аеродром констатиран е прекршок во врска со присуство на малолетник по полноќ и ќе следува соодветна санкција. При контролата во угостителски објекти во Градскиот парк, во два од нив УЈП констатира неправилности од Закон за регистрирање на готовинско плаќање, недостатоци се утврдени и од страна на пазарната и трудовата инспекција, за кои се дадени соодветни задолженија за правните лица.

Изминатава ноќ (09.07.2023) во периодот од 00.00 часот до 01.30 часот на подрачјето на Демир Хисар, од страна на криминалистичката полиција при СВР Битола и Полициската станица Демир Хисар спроведена е акциска контрола во угостителски објекти, во рамки на „Безбедно лето 2023", за присуство и точење на алкохол на малолетни лица. При контролата во еден угостителски објект во Демир Хисар се затекнати тројца малолетници под дејство на алкохол, кои се предадени на нивните родители, а по документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок. На подрачјето на Прилеп, пак, во периодот од 00.00 до 04.00 часот од страна на криминалистичката полиција на СВР Битола во содејство со полициски службеници од ОВР Прилеп спроведена е акциска контрола во угостителски и други објекти за присуство на малолетници во нив, контрола на точење и продавање на алкохол на деца во угостителски и продажни објекти, како и прекршувања на јавниот ред и мир, со цел подобрување на јавната безбедност на подрачјето. За време на контролата во два угостителски објекти во Прилеп затекнати се 34 малолетници, а кај 11 малолетни лица било констатирано дека се под дејство на алкохол. За сите констатирани неправилности ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 08.07/09.07.2023, во периодот од 23.00 до 05.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово спровеле акциска контрола во угостителски објекти на поширокото подрачје на Тетово и Гостивар. Во рамки на контролата откриени се вкупно 11 прекршоци за точење на алкохол на малолетници (пет во Тетово и шест во Гостивар), како и 18 останати прекршоци. Воедно во два угостителски објекти во Тетово, по извршено мерење со уред фонометар, констатирано е дека јачината на музиката е над дозволената законска граница. За сите констатирани неправилности на прекршителите ќе им бидат изречени соодветни санкции.

На 08.07.2023 во 22.20 часот во село Јосифово, валандовско, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Валандово го лишиле од слобода С.П.(23) од село Корешница, општина Демир Капија. При преглед кај него биле пронајдени бела материја во кристали и марихуана. За случајот бил известен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија и по неговото целосно документирање против С.П. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.07.2023 во 02.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода К.З.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 09.07.2023 во 03.20 часот во угостителски објект во Градски парк – Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода Ф.Ј.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 09.07.2023 во 00.15 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници го лишиле од слобода Ш.Е.(35) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и нож. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.07.2023 во 19.30 часот на Граничен премин „Долно Блаце" од полициски службеници е приведен Т.Т.(64) од Р.Албанија, кој управувал товарно возило со албански национални ознаки. Имено, по извршени проверки било констатирано дека во службената евиденција возилото е со мерка „задржи и извести на влез во РСМ", издадена од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал. Лицето и возилото се предадени на полициски службеници од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (08.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 164 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 77 санкции, 13 санкции за возење без возачка дозвола, четири мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, две санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, четири санкции за некористење сигурносен појас, 11 санкции за управување под дејство на алкохол...

На 08.07.2023 во 13.50 часот во Скопје на раскрсница од ул.„Аугуст Цесарец" со ул. „Благоја Паровиќ" во Скопје, патничко возило „дачија логан" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Ј.(25) од Скопје, удрило во малолетен пешак од Скопје. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатата вечер (08/09.07.2023), во периодот од 23.00-05.00 часот, на територија на СВР Битола спроведена е засилена сообраќајна акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 51 возач. За време на контролата биле санкционирани и 47 други видови прекршоци.

На 07.07.2023 околу 16.30 часот во Виница на ул.„Браќа Миладинови" се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „форд транзит", управувано од Д.А.(29) од Виница и мотоцикл „гилера нексус", управуван од С.Ќ.(18) од Виница, двете со винички регистарски ознаки. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од Полициска станица Виница.

На 08.07.2023 полициски службеници од СВР Струмица спровеле акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 16 возачи, од кои по шест на подрачјето на Радовиш и Струмица, три во Гевгелија и еден на подрачјето на Валандово.

На 08.07.2023 во 13.40 часот во Струмица, на крстосница од кружен тек од ул.„Климент Охридски" и бул.„Гоце Делчев" се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „томос", управуван од Р.Б.(58) од с.Вељуса и патничко возило „мерцедес Е220", управувано од С.Ѓ.(70) од Струмица, двете со струмички регистарски ознаки. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Струмица.

На 08.07.2023 во 23.40 часот во Полициска станица Кисела Вода, М.А.(42) од Скопје пријавила дека на ул.„Пушкинова" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 08.07.2023 околу 13.30 часот во Полициско одделение Шуто Оризари, Д.Ј.(19) од Скопје пријавил дека на ул.„Вашингтонска" бил каснат од куче скитник.

На 08.07.2023 во 14.10 часот во Велес, полициски службеници го лишиле од слобода Б.А.(22) од Велес. При претрес во домот во кој што престојувал, извршен по претходно добиена наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, грутчеста материја, дигитална вага и пари. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.07.2023 во 19.50 часот во ОВР Кичево лишен е од слобода М.З.(36) од Кичево. При извршен преглед кај него, полициските службеници од одделението за борба против дрога и оружје пронајдоа и одзедоа ќеса со бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.07.2023 во 00.50 часот во Велес, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Ѓ.(33) од Велес, затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.07.2023 околу 08.00 часот во Полициска станица Гостивар е пријавено дека во Медицински центар Гостивар е донесен со тешки телесни повреди А.Ш.(23) од Гостивар, кој со повредите се здобил додека извршувал работни задачи во продажен објект во Гостивар. Полициски службеници излегле на местото, а за настанот е известен јавен обвинител и трудов инспектор.

На 08.07.2023 во 21.20 часот, К.К.(33) од Охрид во полициска станица пријавил дека на локален пат во месноста „Кошишта" бил каснат од куче скитник.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против М.Ж. (27) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 01.07.2022 во населба Карач во Стар Дојран, полициски службеници при преглед кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

На 09.07.2023 околу 21.00 часот во СВР Тетово е пријавено дека на тераса од куќа во с.Доброште, тетовско, сопственост на С.Р.(64) од с.Доброште, настанал пожар, при што бил опожарен мебел, прозорска ролетна и ѕид. Пожарот е изгаснат, повредени лица нема, а увид на местото извршила увидна екипа од СВР Тетово.

На 08/09.07.2023 од 23.00 до 05.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид извршени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 24 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-15, Струга-04, Кичево-04, Дебар-01). Тие се веднаш исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 08.07.2023 околу 20.30 часот на ул.„Марк Твен" во Скопје, патничко возило „цитроен ксара" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.С.(34) од Скопје, излегло од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.07.2023 во 23.00 часот на Граничен премин Табановце полициски службеници, при извршена контрола на патници во автобус со струшки регистарски ознаки, констатирале дека патниците Н.В.(23) и Е.А.(32) не поседуваат документација за идентификување и по извршените проверки е констатирано дека лицата се мигранти од Мароко. За настанот е известен јавен обвинител и по негова насока лицата мигранти се сместени во прифатен центар за понатамошна постапка.

На 08.07.2023 во 12.40 часот во Полициска станица Бит Пазар, Т.З.(44) од Неготино пријавил дека околу 11.55 часот на паркинг на подрачјето на Бит Пазар, поради меѓусебно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2023 во 18.35 часот во СВР Скопје е пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" бил донесен 15-годишник од скопско, на кој му се слошило додека бил на базен на подрачјето на Карпош, а по извршените обиди за реанимација му била констатирана смрт без видливи траги на насилство. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено на обдукција.

На 08.07.2023 во Полициско одделение Шуто Оризари е пријавено дека на 07.07.2023 околу 11.00 часот на подрачјето на Шуто Оризари, по претходно недоразбирање и меѓусебна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу женските лица А.А.(35), Х.А.(56) и С.А.(23), од една страна, и машките лица Д.Г.(44) и С.Г.(61), од друга страна, сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2023 околу 11.30 часот на место викано „Караорман" полициски службеници од Регионален центар Југ ги привеле Ч.Х.(44), В.Р.(47), Ј.Л.(38) и едно малолетно лице, сите од НР.Кина, затоа што по извршените проверки во службената евиденција е констатирано дека немаат остварено легален влез во државата, со што постапиле спротивно на Законот за странци, односно незаконски престојувале во државата. На лицата од полициски службеници од Одделението за прекугранчен криминал, миграции, странци и реадмисија Гевгелија им се изготвени решенија за враќање и напуштање на територијата на државата.

На 08.07.2023 во Полициско одделение Сарај, И.С.(47) од с.Крушопек, скопско, пријавил дека на 07.07.2023 во 14.30 часот пред угостителски во с. Сарај, скопско, по претходна расправија, бил физички нападнат со тврди и остри предмети од Х.Ф.(30), М.Ф.(19) и А.Ф.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2023 во Полициско одделението Шуто Оризари е пријавено дека на 06.07.2023 во 00.20 часот на подрачјето на Шуто Оризари бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка со употреба на тврди предмети помеѓу М.И.(32), Н.И.(29) и А.Т.(50), од една страна, и О.С.(51), А.С.(22) и Д.З.(21), од друга страна, сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2023 во 18.40 часот во с.Здуње, гостиварско, од полициски службеници е лишен од слобода Ѓ.М.(34) од истото село, затоа што околу 17.00 часот во селото физички го нападнал М.А.(23) од Гостивар. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.
На 09.07.2023 околу 05.40 часот во Скопје, на бул.„Борис Трајковски" пред крстосница со бул.„11 Октомври" и ул.„Крушевска Република", патничко возило „ фиат стило" со скопски регистарски ознаки, управувано од П.П.(21) од Скопје, излетало од коловозот. Во несреќата возачот П.П. се здобил со телесни, а сопатничката А.Т.(18) со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември", а со телесни повреди се здобиле и сопатниците Б.С.(21) и М.С.(19), сите од Скопје, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 09.07.2023 во 05.00 часот во Полициска станица Центар, А.К.(28) од Скопје пријавил дека околу 04.00 часот, пред угостителски објект на подрачје на Центар, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2023 во 00.20 часот во Полициска станица Ѓорче Петров, З.З.(41) од Скопје пријавил дека на 08.07.2023 околу 22.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, неговиот малолетен син бил физички нападнат од повеќе малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против С.М.(73) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 27.06.2023 во 04.20 часот, на регионалниот пат Свети Николе – Скопје, при извршен преглед на патничко возило „лада", управувано од пријавениот, пронајдени се и одземени куршум и електричен парализатор кои ги поседувал без дозвола.

На 08.07.2023 во 21.30 часот во Полициското одделение Мирковци, В.У.(65) од с.Кучевиште, скопско, пријавил дека околу 21.30 часот во с.Кучевиште, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од Б.Б.(33) од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2023 во 00.40 часот во Полициската станица Битола, В.Ј.(29) од Битола пријавил дека на 08.07.2023 во 23.15 часот во Битола бил физички нападнат од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2023 во 22.40 часот во Полициска станица Драчево, Ф.Ј.(40) од с.Батинци, скопско, пријавила дека околу 19.00 часот во с.Батинци нејзиниот малолетен син бил физички нападнат со тврд предмет од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2023 во 11.21 часот во Полициска станица Битола, Ј.Ј.(45) од с.Грнчари, ресенско, пријавил дека околу 03.00 часот во угостителски објект во Битола, поради недоразбирање, бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 08.07.2023 во 17.00 часот во Полициска станица Кочани, Ј.С.(68) од Кочани пријавил дека околу 15.00 часот, додека го управувал своето возило на ул.„14 Бригада" во Кочани, Н.Ѓ. и И.Ѓ., двајцата од Кочани, фрлале со тврди предмети кон возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2023 околу 03.15 часот во Полициска станица Чаир, В.Љ.(38) од Скопје пријавила дека околу 03.00 часот на подрачјето на Бутел, нејзината малолетната ќерка била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2023 во 16.00 часот во Полициска станица Битола е пријавено дека околу 11.40 часот во Битола е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.П.(60) и З.П.(42), двајцата од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2023 во 00.05 часот во Полициска станица Крушево е пријавено дека во угостителски објект во Крушево, Ц.С.(36) бил физички нападнат од Н.С.(43) и Д.Ц.(26), сите од Крушево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2023 во 10.05 часот во СВР Штип, В.В.(37) од Штип пријавила дека на 07.07.2023 околу 21.30 часот на игралиште во Штип, по претходна расправија, нејзиниот малолетниот син бил физички нападнат од 32-годишната С.А. од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2023 во 03.15 часот во СВР Тетово, К.К.(25) од Тетово пријавил дека околу 02.50 часот во Тетово, поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од Д.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2023 во 03.30 часот во Полициска станица Штип, С.С.(26) од Штип пријавил дека во Штип бил физички нападнат со тврд предмет од Т.Т., А.Ч., З.Ч. и уште две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2023 во 11.00 часот во Полициска станица Гостивар, Д.Д.(22) од Гостивар пријавил дека околу 03.30 часот, пред угостителски објект во Гостивар, по претходна расправија, бил физички нападнат од неговиот роднина Т.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2023 во СВР Тетово, И.В.(49) од Тетово пријавила дека околу 09.00 часот на ул.„29 Ноември" во Тетово настанал пожар во нејзиното патничко возило „хјундаи" со тетовски регистарски ознаки. Пожарот е изгаснат, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 08.07.2023 во ОВР Кичево, Љ.М.(48) од кичевското село Другово пријави дека на локален пат во селото бил каснат од куче скитник. Истиот ден, А.Љ.(18) од кичевското село Жубрино пријави дека во атарот на селото бил каснат од куче скитник.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Ѓ.П.(61) од Гевгелија, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Пријавениот, во својство на одговорно лице во правно лице од Гевгелија, за време на траење на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на државата, со цел спречување на ширење на заразната болест Ковид-19, на 30.03.2020 на лице од Гевгелија издал дозвола за движење за вршење на сменска и ноќна работа во наведеното правно лице и покрај тоа што истиот не бил во работен однос во правното лице, со што му овозможил издадената дозвола да може да ја користи без оправдани причини за други цели.

На 08.07.2023 во 01.50 часот во Свети Николе, полициски службеници од Полициската станица Свети Николе го лишиле од слобода Ј.П.(40) од Свети Николе, постапувајќи по пријава од неговата невенчана сопруга, според која тој извршил обљуба врз нејзините две малолетни ќерки. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.07.2023 во 15.32 часот во Полициска станица Ѓорче Петров, М.Р.(30) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот во неговото патничко возило „ауди А3" со скопски регистарски ознаки, паркирано на подрачјето на Ѓорче Петров, пронашол залутано зрно, кое му го оштетило ветробранското стакло. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет